РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1412/2

15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1412/1 од 25.04.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1412/1 од 25.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1412/1 од 25.04.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат, а доставена во ДКСК од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ, каде била првично поднесена. Пријавата содржи нејасни наводи во врска со ///.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Надлежен орган за испитување на наводите е Јавното обвинителство на РСМ, од каде активно се преземаат дејствија за утврдување на состојбите за предметниот случај, согласно со јавно достапните информации.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: З. Б., член

Доставено до:
- Архиварта на ДКСК.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut